
ИЗВЕШТАЈ ОД ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ НА ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ЗА ПЕРИОД 01.01.2020 до 31.12.2020 година

ФЗОРСМ
FSSHRMV

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIMIN SHËNDETËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр. 08-
20 -12- 2021



[1] 08-18375/1 [2021]

Резиме

Финансиските контролори како дел од Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамки на Фондот за здравствено осигурување во текот на 2020 година изврши вкупно 40 целосни финансиски контроли на јавните здравствени установи во Македонија.

Согласно Годишниот план за финансиски контроли извршени се 40 целосни финансиски контроли и 5 наменски контроли.

Планот за 2020 година е надминат за 12.5 %.


Од контролите констатиран е зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола и реализација на договорите, укажување за начинот на чување на финансиската документација во просториите на здравствените установи итн.

За констатираните состојби во ЈЗУ, финансиската контрола даде препораки со цел да се надминат во наредниот период.

I. Вовед

Финансиската контрола во јавните здравствени установи (во понатамошниот текст: ЈЗУ) се спроведува во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/2009), во согласност со членот 68 став 2 и член 71 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот) и ЈЗУ.

II. Цел на финансиската контрола



Финансиската контрола, како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи. Целта на контролата е проверка на точноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности, како и создавањето на побарувањата, приходите, обврските и расходите и да ја оцени нивната усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори, пред и по нивно извршување. На овој начин се контролира економичноста во работењето, наменското трошење на средствата на ЈЗУ.

Контролата обезбедува проток на информации од Фондот кон ЈЗУ и обратно. Со контролите се постигнува и едукативна функција со која ЈЗУ се стекнуваат со сознанија за корекција на неправилностите во делот на финансиските активности.

III. Одделение за буџетска и финансиска контрола



Координацијата во процесот на финансиска контрола на ЈЗУ ја врши Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при Фондот. Контролата ја спроведуваат 12 овластени финансиски контролори, дипломирани економисти, распоредени во централната и подрачните служби (во понатамошниот текст ПС) на Фондот и тоа:

Организациона единица	број на контролори
Централна служба	3
Скопје	3
Тетово	1
Гостивар	1
Струга	1
Охрид	1
Велес	1
Куманово	1
Вкупно контролори	**12**

IV. Видови финансиска контроли

Финансиските контроли се делат на:

- редовни контроли кои се реализираат согласно Годишен план за финансиска контрола и
- контролите со посебна намена односно вонредните контроли се извршуваат по барање на менаџерскиот тим или од Директорот на Сектор за финансиски прашања на Фондот.

Планот на финансиски контроли во 2020 година предвидуваше 40 целосни финансиски контроли.

Во текот на 2020 година, согласно усвоениот Годишен план за финансиски контроли од страна на финансиските контролори беа извршени 40 редовни финансиски контроли. Во истиот период, финансиските контролори спроведоа и 5 наменски контроли. Вкупниот број на извршени финансиски контроли во 2020 година изнесува 45 контроли.

Со тоа, процентот на реализацијата на годишниот план е зголемен за *12,5* %.

Реализираните контроли по видови се презентирани во следнава табела:

ред бр.	Вид на контрола	број на извршени контроли
1	**Контроли предвидени согласно Годишен план за финансиски контроли**	**40**
1.1	*Целосни финансиски контроли на ЈЗУ*	*40*
2	**Наменски контроли**	**5**
2.1	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје*	*1*
2.2	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина - Скопје*	*1*
2.3	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ ГОБ 8ми Септември – Скопје*	*1*
2.4	*Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Поликлиника на Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Скопје*	*1*
2.5	*Предмет на контрола – контрола на финансиското работење во ЈЗУ ЗД Прилеп*	*1*
	Вкупно финансиски контроли	**45**

Споредбено со 2019 година, бројот на реализирани контроли по видови, во истиот период во 2020 година е прикажано во следната табела:

ред бр.	Вид на контрола	број на извршени целосни финансиски контроли во 2019 г.	број на извршени целосни финансиски контроли во 2020 г.
1.	Контроли согласно Годишен план за целосни финансиски контроли	45	40
2.	Наменски контроли	47	5
	Вкупно финансиски контроли	***92***	***45***

V. Реализација по видови на контроли

1. Целосна финансиска контрола

Целосната финансиска контрола има за цел контрола и анализа на финансиското работење на ЈЗУ.
Таа подразбира контрола на:

- постапки за јавни набавки и усогласеност на договорите со понудите од економските оператори како и начинот на фактурирање и плаќање на обврските по основ на договорите од јавни набавки
- сметководствена евиденција
- контрола на состојбата на побарувања, обврски и долгови
- контрола на состојбата на парични средства во благајна и на сметка
- наплата на сопствени приходи и партиципација
- остварување на приходи по програми на Министерство за здравство
- ниво на залихи на медицински материјал и лекови
- вработени и привремено ангажирани лица во ЈЗУ
- начин на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ.

Во рамките на извршените 40 контроли, во текот на 2020 година, контролирани се:

Вид на ЈЗУ	број на контролирани ЈЗУ во 2019 г.	број на контролирани ЈЗУ во 2020 г.
Универзитетски клиники	9	12
Клинички, општи болници и специјални болници	12	8
Здравствени домови и здравствени станици	15	13
Институти, заводи и Центри за јавно здравје	9	7
Вкупно:	**45**	**40**

Од вкупно контролирани 40 (четириесет) ЈЗУ утврдено е дека на 31.12.2019 година (односно до датумот на извршена контрола во 27 (дваесет и седум) ЈЗУ имаат долгови. Кај 17 (седумнаесет) ЈЗУ долговите на 31.12.2019 година, споредбено со 31.12.2018 година се зголемиле, а кај 10 (десет) ЈЗУ во истиот период долговите се намалиле. Во 13 (тринаесет) ЈЗУ во споредбениот период нема долгови или имале исто ниво на долгови.
(*прилог табела на страна 23)*

- *зголемување на долговите на 31.12.2019 година, споредбено со 31.12.2018 година е евидентирано кај следниве ЈЗУ:*
  - Институт за физикална медицина – Скопје
  - УК за детски болести – Скопје
  - УК за дигестивна хирургија - Скопје
  - УК за државна кардиохирургија – Скопје
  - Општа болница – Струга
  - УК за урологија – Скопје
  - Здравствен дом – Ресен
  - УК за нефрологија – Скопје
  - Психијатриска болница – Скопје

- УК за неврологија – Скопје
- Центар за јавно здравје – Струмица
- Здравствен дом – Велес
- Клиничка болница – Штип
- Општа болница – Струмица
- Здравствен дом – Куманово
- Општа болница – Дебар
- Центар за јавно здравје - Скопје

- *намалување на долговите на 31.12.2019 година споредбено со 31.12.2018 година е евидентирано кај следниве ЈЗУ:*
  - Општа болница – Охрид
  - Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје
  - УК за токсикологија – Скопје
  - СБ за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид
  - Клиничка болница – Тетово
  - Клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски – Скопје
  - Здравствен дом – Крива Паланка
  - Здравствен дом – Гостивар
  - Здравствен дом – Тетово
  - УК за максилофацијална хирургија - Скопје

- *на 31.12.2019 година споредбено со 31.12.2018 година е евидентирано дека нема долгови кај следниве ЈЗУ:*
  - Центар за јавно здравје – Кочани
  - УК за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје
  - Центар за јавно здравје – Штип
  - Здравствен дом – Делчево
  - Здравствен дом – Штип
  - Здравствен дом – Неготино
  - УИ за радиологија – Скопје
  - Здравствен дом – Струга
  - Здравствен дом – Скопје
  - Здравствен дом – Железничар
  - УК за психијатрија – Скопје
  - СБ за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември - Скопје
  - Здравствен дом – Ростуше

Во текот на 2019 година 20 (дваесет) ЈЗУ реализирале над 90 % од вкупно искажаните извршени здравствени услуги по Програми од МЗ, 5 (пет) ЈЗУ реализирала износ над 80 %, 6 (шест) ЈЗУ над 70 %, 1 (една) ЈЗУ реализирала над 50 % од побарувања од МЗ во 2018 година и 8 (осум) ЈЗУ под 50 %.

- *над 90% реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - УК за детски болести – Скопје
  - Општа болница – Охрид
  - УК за дигестивна хирургија – Скопје
  - УК за кардиохирургија – Скопје
  - УК за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје
  - Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје
  - Општа болница – Струга
  - Здравствен дом – Делчево
  - Клиничка болница – Тетово

- Здравствен дом – Штип
- Здравствен дом – Ресен
- Психијатриска болница – Скопје
- Здравствен дом – Гостивар
- УИ за радиологија – Скопје
- Здравствен дом – Струга
- Здравствен дом – Тетово
- Центар за јавно здравје – Струмица
- Здравствен дом – Велес
- Здравствен дом – Ростуше
- Клиничка болница – Штип

- *над 80% реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Центар за јавно здравје – Кочани
  - Клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски – Скопје
  - Здравствен дом – Крива Паланка
  - Здравствен дом – Скопје
  - Општа болница - Дебар

- *над 70% реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Центар за јавно здравје – Штип
  - СБ за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид
  - УК за нефрологија – Скопје
  - УК за психијатрија – Скопје
  - УК за максилофацијална хирургија - Скопје
  - Општа болница – Струмица

- *над 50% реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - ЗД Железничар – Скопје

- *под 50% реализација на извршени здравствени услуги по Програми од МЗ*
  - Инситут за физикална медицина – Скопје
  - УК за токсикологија – Скопје
  - УК за урологија – Скопје
  - Здравствен дом – Неготино
  - СБ за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје
  - УК за неврологија – Скопје
  - Здравствен дом – Куманово
  - Центар за јавно здравје - Скопје

Во 23 (дваесет и три) од контролираните 40 (четириесет) ЈЗУ, степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2019 година се движи над 90%, во 9 (девет) ЈЗУ над 80 %, во 4 (четири) ЈЗУ е над 70 %, кај 1(една) ЈЗУ е над 50% и кај 1 (една) ЈЗУ под 50 %. Во 1 (една) ЈЗУ нема податок за степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2019 година и во 1 (една) ЈЗУ не се води евиденција за пресметана партиципација.

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2019 година над 90% е евидентиран во:*
  - ЈЗУ Институт за физикална медина – Скопје
  - УК за државна кардиохирургија – Скопје

- УК за дигестивна хирургија – Скопје
- УК за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје
- Центар за јавно здравје – Штип
- Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје
- УК за токсикологија – Скопје
- УК за урологија – Скопје
- Здравствен дом – Делчево
- Клиничка болница – Тетово
- Здравствен дом – Крива Паланка
- Здравствен дом – Штип
- Здравствен дом – Ресен
- Здравствен дом – Гостивар
- УК за психијатрија – Скопје
- Здравствен дом – Струга
- Здравствен дом – Тетово
- СБ за геријатиска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје
- УК за максилофацијална хирургија – Скопје
- УК за неврологија – Скопје
- Здравствен дом – Ростуше
- Општа болница – Струмица
- Здравствен дом – Куманово

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2019 година над 80% е евидентиран во:*
  - Центар за јавно здравје – Кочани
  - СБ за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид
  - Здравствен дом – Велес
  - Клиничка болница – Штип
  - Центар за јавно здравје – Скопје
  - УК за нефрологија – Скопје
  - Здравствен дом – Неготино
  - Здравствен дом – Железничар
  - Центар за јавно здравје – Струмица

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2019 година над 70% е евидентиран во:*
  - УК за детски болести – Скопје
  - Општа болница – Охрид
  - Клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски – Скопје
  - Општа болница - Дебар

- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2019 година над 50% е евидентиран во ЈЗУ Општа болница - Струга*
- *степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2019 година под 50% е евидентиран во ЈЗУ Психијатриска болница – Скопје.*

При извршените целосни финансиски контроли во 40 (четириесет) ЈЗУ во текот на 2020 година, кај 22 (дваесет и две) ЈЗУ контролата на благајна не е извршена заради неможност од спроведување на истата во услови на пандемија од КОВИД 19. Во 4 ЈЗУ се утврдени *неправилности во благајничкото работење* и дадени се вкупно 5

(седумдесет и седум) препораки за нивно надминување, додека во 14 (четиринаесет) ЈЗУ не се утврдени неправилности.

Кај 1 (една) од 40 (четириесет) ЈЗУ т.е. во Клиничка болница - Штип *нема воведено софтвер за разграничување на долговите и обврските во сметководствената евиденција*.

Во 6 (шест) ЈЗУ *не постои мрежно поврзување помеѓу одделите и службите заради евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал*:

- Центар за јавно здравје – Кочани
- Центар за јавно здравје – Штип
- Здравствен дом – Делчево
- Клиничка болница – Тетово
- Здравствен дом – Железничар
- УК за максилофацијална хирургија - Скопје

При контрола на постапки за јавни набавки по случаен избор, констатирани се неправилности при спроведувањето на јавните набавки во повеќето јавни здравствени установи и тоа:

- кај 5 (пет) од 40 (четириесет и пет) контролирани ЈЗУ *нема лице кое е вработено кај договорниот орган, а кое има валидна потврда за лице за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки, а тие се:*
  - Психијатриска болница – Скопје
  - УК за максилофацијална хирургија – Скопје
  - Здравствен дом – Ростуше
  - Здравствен дом – Куманово
  - Општа болница со проширена дејност - Дебар

- кај 14 (четиринаесет) ЈЗУ констатирани се *набавки без спроведена постапка за јавна набавка, чиј вкупен износ го надминува дозволениот вкупен месечен лимит од 1000 евра*, во денарска противвредност, без ДДВ.
  - Институт за физикална медицина – Скопје
  - УК за детски болести – Скопје
  - Општа болница – Охрид
  - УК за државна кардиохирургија – Скопје
  - УК за инфективни болести – Скопје
  - Општа болница – Струга
  - УК за токсикологија – Скопје
  - УК за урологија – Скопје
  - СБ за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид
  - Здравствен дом – Крива Паланка
  - Здравствен дом – Ресен
  - Психијатриска болница – Скопје
  - УК за психијатрија – Скопје
  - СБ за геријатиска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје

- кај 9 (девет) ЈЗУ *не се спроведуваат соодветни постапки за јавни набавки за стоки и услуги, иако за истите ЈЗУ има континуирана потреба и нивниот вкупен износ во текот на годината го надминува износот од 1000 евра, во денарска противвредност, без ДДВ*.
  - УК за детски болести – Скопје
  - Општа болница – Охрид

- Општа болница – Струга
- УК за токсикологија – Скопје
- УК за урологија – Скопје
- СБ за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид
- УК за психијатрија – Скопје
- УК за максилофацијална хирургија - Скопје
- СБ за геријатиска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје

- кај 5 (пет) ЈЗУ *Одлуката за јавна набавка не е изработена согласно одредбите од Законот за јавни набавки, т.е. не ги содржи елементите пропишани во членот 28 ставови 2 и 3 и тоа*
  - Здравствен дом – Крива Паланка
  - УК за психијатрија - Скопје
  - Центар за јавно здравје - Струмица
  - Здравствен дом – Ростуше
  - Општа болница - Дебар

(прилог табели од страна 24 и страна 25)

Од извршените целосни финансиски контроли во 40 (четириесет) ЈЗУ во 2020 година, кај 27 (дваесет и седум) ЈЗУ се утврдени *неправилности во делот на контролата на спроведувањето на постапките за јавни набавки*, по случаен избор и дадени се вкупно 79 (седумдесет и девет) препораки за нивно надминување, а тие се:

- Инсистут за физикална медицина и рехабилитација - Скопје
- УК за детски болести – Скопје
- Општа болница – Охрид
- УК за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје
- Општа болница – Струга
- УК за токсикологија – Скопје
- УК за урологија – Скопје
- СБ за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид
- Клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски – Скопје
- Здравствен дом – Крива Паланка
- Здравствен дом – Ресен
- Здравствен дом – Скопје
- Психијатриска болница – Скопје
- Здравствен дом – Гостивар
- Здравствен дом – Железничар
- УК за психијатрија – Скопје
- УК за радиологија – Скопје
- Центар за јавно здравје – Струмица
- Здравствен дом – Струга
- УК за максилофацијална хирургија – Скопје
- СБ за геријатиска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје
- Здравствен дом – Велес
- Здравствен дом – Ростуше
- Клиничка болница – Штип
- Здравствен дом – Куманово
- Општа болница – Дебар
- Центар за јавно здравје - Скопје

Во извршените 40 (четириесет) целосни финансиски контроли во 2020 година, финансиските контролори евидентирале **289** (двеста осумдесет и девет) препораки,

и тоа: на 4 (четири) ЈЗУ се дадени над 15 препораки, на 8 (осум) ЈЗУ бројот на евидентирани препораки е помеѓу 10 и 14 препораки и кај 26 (дваесет и шест) ЈЗУ бројот на нотирани препораки изнесува 10 и помалку од 10.

- *над 15 (петнаесет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - Општа болница – Струга
  - Здравствен дом - Струга
  - Клиничка болница – Штип
  - Општа болница со проширена дејност - Дебар

- *помеѓу 10* (десет) *и 14 (четрнаесет) препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - Институт за физикална медицина и рехабилитација – Скопје
  - Општа болница – Охрид
  - УК за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје
  - Клиничка болница – Тетово
  - Психијатриска болница – Скопје
  - Здравствен дом – Тетово
  - УК за максилофацијална хирургија – Скопје
  - Центар за јавно здравје - Скопје

- *помалку од 10 (десет)препораки се евидентирани во овие ЈЗУ:*
  - Центар за јавно здравје – Кочани
  - УК за детски болести – Скопје
  - УК за дигестивна хирургија – Скопје
  - УК за државна кардиохирургија – Скопје
  - Центар за јавно здравје – Штип
  - Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје
  - УК за токсикологија – Скопје
  - УК за урологија – Скопје
  - Здравствен дом – Делчево
  - СБ за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид
  - Клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски – Скопје
  - Здравствен дом – Крива Паланка
  - Здравствен дом – Ресен
  - УК за нефрологија – Скопје
  - Здравствен дом – Гостивар
  - Здравствен дом – Железничар
  - УК за психијатрија – Скопје
  - УК за радилогија – Скопје
  - Центар за јавно здравје – Струмица
  - Здравствен дом – Струга
  - СБ за геријатиска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје
  - Здравствен дом – Велес
  - УК за неврологија – Скопје
  - Здравствен дом – Ростуше
  - Општа болница – Струмица
  - Здравствен дом – Куманово

Во извршените 5 (пет) наменски контроли, финансиските контролори евидентирале 20 (дваесет) препораки.

Вкупно во извршените целосни финансиски и наменски контроли, финансиската контрола на ФЗОРСМ во текот на 2020 година има доставено 309 (триста и девет) препораки до контролираните ЈЗУ.

Од контролираните 40 (четириесет) ЈЗУ во 5 (пет) ЈЗУ се исполнети во целост дадените препораки од претходните целосни финанасиски контроли. Во 21 (дваесет и една) ЈЗУ се исполнети над 50% од препораки од претходните целосни финансиски контроли, а во останатите 13 (тринаесет) ЈЗУ под 50 %, а во една ЈЗУ не е извршена претходна финансиска контрола.

- *исполнети препораки над 50% е евидентирано во следниве ЈЗУ:*
  - Институт за физикална медицина и рехабилитација – Скопје
  - Центар за јавно здравје – Кочани
  - УК за детски болести – Скопје
  - Општа болница – Охрид
  - УК за дигестивна хирургија – Скопје
  - УК за државна кардиохирургија – Скопје
  - УК за инфективни болести – Скопје
  - Општа болница – Струга
  - УК за токсикологија – Скопје
  - СБ за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид
  - Клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски – Скопје
  - Здравствен дом – Крива Паланка
  - Здравствен дом – Ресен
  - УК за нефрологија – Скопје
  - Здравствен дом – Железничар
  - Центар за јавно здравје – Струмица
  - Здравствен дом – Струга
  - УК за неврологија – Скопје
  - Здравствен дом – Ростуше
  - Општа болница – Струмица
  - Здравствен дом – Куманово

- *исполнети препораки под 50% е евидентирано во следниве ЈЗУ:*
  - Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје
  - УК за урологија – Скопје
  - Здравствен дом – Делчево
  - Клиничка болница – Тетово
  - Здравствен дом – Скопје
  - Психијатриска болница – Скопје
  - Здравствен дом – Гостивар
  - УК за психијатрија – Скопје
  - УК за радиологија – Скопје
  - Здравствен дом – Тетово
  - УК за максилофацијална хирургија – Скопје
  - СБ за геријатиска и палијативна медицина 13 Ноември – Скопје
  - Клиничка болница – Штип

Од извршените финансиски контроли во ЈЗУ во текот на 2020 година во делот на контрола на пресметана и исплатена плата е утврдено, во ЈЗУ не се врши навремено ажурирање на Решенијата за исплата на плата во согласност со промените на Колективниот договор за здравствена дејност, што е нотирано во:

- ЈЗУ ОБ Охрид за ВД Медицински директор на ЈЗУ постои Решение само за именување, додека Решение за плата не е изготвено;

- Во ЈЗУ ОБ Струга наместо да се изготвуваат поединечни Решенија за исплата на платата од страна на одговорното лице се донесени 8 (осум) поединечни Одлуки со број 02-286/1 од 12.02.2020 година за усогласување на коефициентот на сложеност при пресметката и исплата на плата започнувајќи од месец февруари 2020 година за сите занимања од 1,2,3,4,5,6,7 група на сложеност со по групи и Одлука за главната медицинска сестра и медицинскиот директор на ЈЗУ;

- Во ЈЗУ ОБ Струмица нема изготвено поединечни решенија за плата за вработените, односно платите на вработените во ЈЗУ Општа болница Струмица се пресметуваат врз основа на единствено решение за сите вработени во кое се усогласени коефициентите за плата, донесено со Одлука на УО;

- Во ЈЗУ ОБПД Дебар решенијата на работниците во ЈЗУ не се ажурирани согласно промените на основниот коефициент и додатоците на плата во КД<

- Во ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември Скопје, со потпишување на Анексите за изменување и дополнување на ПКД на ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје од страна на правната служба не се изготвени поединечни Решенија за исплата на плата согласно Анексите на ПКД.

Од извршените финансиски контроли во ЈЗУ во текот на 2020 година е утврдено не почитување на „Спогодба за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност", и тоа во :

- ЈЗУ УК за токсикологија Скопје нотирано е во сите контролирани пресметки на плата како појдовна основа за пресметување земена е најниска плата во износ од 13.352 денари, а треба износ од 13.419 денари, согласно "Спогодба за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност", важечка во периодот за кој врши пресметувањето.
- Во ЈЗУ ЦЈЗ Скопје вредноста на бодот- коефициент за пресметка и исплата на плата- 17.040 денари не е во согласност со Спогодбата за најниска плата која е објавена во Службен весник бр.22/2020 – утврден износ од 13.419 денари и коефициентите на сложеност не се во согласност со Анексот на КД Сл. Весник бр.32 од 10.02.2020 година.

Евидентирани се случаи на неусогласеност на коефициентите за одделни степени на сложеност за соодветните занимања во исплатена плати со истите во Колективниот договор за здравствена дејност, во следниве ЈЗУ:

- ЈЗУ УК за детски болести Скопје во пресметката на плата на организацискиот директор се употребува коефициент 8,07 кој коефициент е предвиден за медицинскиот директор;

- Во ЈЗУ ОБ Струга коефициентот на сложеност на Директорот на ЈЗУ наместо 7,762 треба да биде 7,726 според КД за здравствена дејност и согласно Одлуката бр. 02-286/1 од 12.02.2020 година за усогласување на коефициентот на сложеност при пресметка и исплата на плата започнувајќи од месец февруари 2020 година. Исто така при пресметката и исплата на плата за вработениот Референт администратор – шалтерски работник се пресметува плата со коефициент 1,915 што не е во согласност со КД за здравствена дејност;

- Во ЈЗУ УК за токсикологија Скопје на контролата и е доставено Решение за плата за лице на работно место фактурист-материјален книговодител (вршител и на други административно технички и оперативни работи), со наведен коефициентот на сложеност 2,197. Во анексот за изменување и дополнување на ПКД овој коефициент е за: самостојни референти за сервисирање во комерција, контер, ликвидатор, благајник и други сметководствени работници, одговорен во болничка кујна и болничка перална и технички секретар на директор.

Од финансиските контроли на пресметана и исплатена плата во 2020 година, евидентирани се следниве случаи на пресметка на додатоците на плата:

- При контролата во ЈЗУ Институт за физикална медицина и рехабилитација Козле, Скопје се констатирани случаи кога додатокот за работа кој се однесува за услови за работа потешки од нормалните не е соодветен на КД за здравствена дејност.

- При контрола во ЈЗУ УК за дигестивна хирургија Скопје е констатирано следново, додатокот за обично дежурство во хирургија/други гранки во платата за месец февруари 2020 година се пресметува за 16 часа во периодот од понеделник до петок.
  За пресметување на додатокот за дежурство во траење од 16 часа, менаџерскиот тим со допис број 0302 – 27/5 од 09.03.2016 година, а повикувајќи се на Анекс за изменување и дополнување на ПКД од 13.01.2016 година, укажува дека "основ за пресметката на додатокот за дежурство е празничната саатнина ". ЈЗУ треба да ги почитува одредбите од ПКД од 07.02.2019 година, каде е прецизирана пресметката на сатнината на додатоци и надоместоци на плата односно „додатокот за дежурство во редовни работни денови ќе се исплаќа на дежурните доктори за 8 часови од дежурството со 155% од саатнината за редовни работни денови, а за дежурство во викенд и празник на дежурните доктори ќе им се исплаќаат 16 часа од дежурството со 207% од саатнината за редовни работни денови".

- Во ЈЗУ ОБ Струга при пресметката на плата за месец 06/2020 година за додаток за дежурство во хируршките гранки се пресметува 214% што не е во согласност со КД за здравствена дејност, каде е нотирано дека работникот има право на додаток за дежурство во хируршките гранки во износ од 114% (Сл. Весник бр.31 од 07.02.2019 година;

- Во УК за урологија Скопје е нотирано, дека додаток за остварен повик на доктор на специјализација се пресметува во висина од 126% од саатнината и истиот не фигурира во ПКД од 07.02.2019 година, каде е прецизирано пресметувањето на додатоци и надоместоци на плата;

- Во Извештајот од финансиската контрола во ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо" Охрид е евидентирано, на ВД директорот му е утврден додаток по основ услови за работа и тоа: работа во операциона сала 4,00% и јонизирачко зрачење 2,00% – (член 63). (Кумулација на бодовите од член 63 може да има по повеќе основи, но не повеќе од 4,80% збирно). Исплатата се врши согласно членот 63, односно збирен коефициент 4,80%. За работа во амбуланта и операциона сала и за исплата на додатоци од плата на ВД Директорот, ЈЗУ треба да обезбеди согласност од Министерот за здравство;

- Во ЈЗУ ЗД Крива Паланка се пресметува додаток на плата по основ на раководење и одговорност (0,18) на главна медицинска сестра во ЈЗУ;

- Во ЈЗУ ЗД Ресен, контролирана е исплатна листа за месец 06/2020 година при што се констатира дека на главната медицинска сестра и се пресметува додаток по основ на раководење (0,51), иако со Анексот на КД Службен весник бр.1 од 03.01.2020 година на главната медицинска сестра на поликлиника и здравствен дом се утврдува плата во вкупен коефициент од 3,250" при што за месеците 02,03,04,05 и 06/2020 година треба да се изврши корекција и додатокот за функционалност да се врати со задршка од наредните плати;

- Во ЈЗУ Психијатриска болница Скопје, е констатирано:
  Здравствената установа извршува, пресметува и исплаќа дежурства на доктори, а на контролата не и беше дадена на увид согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство. Додатокот на плата за дежурство ЈЗУ го пресметува со примена на несоодветна стапка од 105 %.
- На главна медицинска сестра на болница се пресметува додаток на плата по основ на раководење и одговорност (0,23) кој не е за главна медицинска сестра, додаток по основ на услови за работа (2,5 %),зголемување на основната плата по час за прекувремена работа, како и додаток без остварен повик и ангажирање на главна медицинска сестра во ЈЗУ.
  Додатокот на плата по основ на минат труд изразен во % наведен во контролираната пресметка на здравствен работник со Вишо - одговорна медицинска сестра на оддел, е 20,5% за 41 година работен стаж, што не е соодветно на утврденото со колективниот договор. Со проверка на пресметката е констатирано дека пресметаниот износ на додатокот на плата е соодветен на 20% (максимално дозволениот процент согласно колективниот договор), иако во пресметката е наведено 20,5%.
  Кај најголем број од контролираните пресметки, износите наведени за додатокот на плата по основ на минат труд не се соодветни на наведените проценти за овој додаток (постои одредено отстапување). Наведените проценти за овој додаток во пресметките се соодветни на процентите утврдени во КД.

- Во ЈЗУ УК за психијатрија Скопје на главната медицинска сестра на ЈЗУ и се пресметува додаток по основ на услови за работа (2,5%);

- Во УИ за радиологија евидентирана е исплатна листа за работно место – Хигиеничар, не е во согласност со ПКД од 02.01.2020 година. Во решението на вработениот му е определен коефициент на сложеност во висина од 1,463, но во исплатната листа, основната плата е пресметувана со коефициент на сложеност во висина од 1,7 додека во ПКД за ова работно место е определен коефициент 1,536;

- Во ЈЗУ УК за максилофацијална хирургија Скопје во пресметувањето на додатокот за дежурство се пресметува и додаток на плата за работа ноќе;

- Во ЈЗУ ЗД Ростуше е констатирано, на работникот Р.И за месец Октомври 2020 година му е пресметано и исплатено додаток за приправност во износ од 9,7% што не е во согласност со колективниот договор во здравствена дејност. Исто така на вработените Др Т.М, Др М.Џ и Др С.А за месец Октомври 2020 година е пресметано и исплатено додаток за одговорност во износ од 0,22 додека што не е согласно колективниот договор од здравствена дејност бидејќи истиот изнесува 0,23;

- Во ЈЗУ КБ Штип на главна медицинска сестра на ЈЗУ и е определен коефициент 3,023 кој е во КД евидентиран како занимање од VII група на сложеност – здравствени работници со високо стручно образование. (Во КД, за занимање главна медицинска сестра на универзитетски клинички центар, универзитетски институт, универзитетска клиника, институт, болница за нега, болница (општа и специјализирана) и центар се утврдува плата во вкупен коефициент од 3,400.);

- Во Извештајот од целосната финансиска контрола на ЈЗУ КБ Штип е нотирано, при пресметувањето на плата на административниот службеник, советник – главен сметководител, не се применуваат одредбите од Колективниот договор за здравствена дејност на РМ. Во пресметката за плата, истото е вреднувано во бодови за што ЈЗУ се повикува на Закон за административни службеници и тоа: на член 85, 86, 87, 88 и 92;

- Во ЈЗУ ОБ Струмица исплатата на плата на главната сестра не е по КД објавен во службен весник бр 1 од 03.01.2020 година, во кој се утврдува плата во вкупен коефициент од 3,400, т.е. се пресметува и додаток по основ на раководење 0,18 и додаток по основ на услови за работа 4%;

- Во ЈЗУ ОБПД Дебар :
  - за работниците на кои им е доделен додаток за приправност не се евидентирани бројот на часови;
  - во пресметка за плата на лекар и медицинска сестра е пресметан коефициент за раководење во износ од 0,23 додека, во решението за распоредување за извршување на работни задачи коефицентот на раководење не е евидентиран;
  - во пресметка на плата за работникот за приправност му е доделен 4% што не во согласност со колективниот договор во здравствена дејност.

- ЈЗУ ЦЈЗ Скопје применува поединечен „Колективен договор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Скопје“ број 02-283/3 од 05.02.2010 година, како и Анекс за дополнување на поединечниот Колективниот договор на ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје број 02-390/5 од 23.02.2010 година, „склучени помеѓу Претседателот на управниот Одбор на ЈЗУ и Синдикалната организација на

ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје". Во поединечниот КД ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје се повикува на Гранковиот Колективен договор (Сл. Весник 60/2010 година), но истиот не го почитува во целост. Поединечниот Колективен договор и Анексот на истиот се потпишани од страна на Председателот на Управен одбор на ЈЗУ и Председателот на синдикалната организација во ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје.

На контролата не и беа дадени на увид:

1.Овластување за ЈЗУ, од страна на Министерство за здравство, ниту пак

2.Овластување од гранковиот синдикат за синдикатот на ЈЗУ, за потпишување на ПКД и Анексот, кои ги применува ЈЗУ.

ЈЗУ ги применува коефициентите за степенот на сложеност утврдени во Поединечниот Колективен договор на ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје, како и од Анекс за дополнување на ПКД на ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје, (за кои не беше дадено на увид овластување од надлежен орган).

Од контролата коефициентите кои се применувани од страна на ЈЗУ, кај контролираните 11 (единаесет) пресметки од плати за месец 06/2020 година, кај 6 (седум) лица се повисоки, додека кај 5 (едно) лице е помал од оние кои се утврдени во гранковиот Колективен договор, кој е објавен во Службен весник и е со важност од 01/2020 година.

Од извршената споредба помеѓу елементите за пресметување на плата во ЈЗУ и Колективниот договор за здравствена дејност (од 2009, 2010 и 2019 година) постои неусогласеност во:

- активна приправност (ЈЗУ исплатува 205% од саатнината за ефективните саати т.е за времето кога бил ангажиран, наспроти КД каде е предвидено 113% од неговата плата по час за остварен повик и ангажирање за времето кога бил ангажиран).
- додаток за услови на работа (ЈЗУ се применува процент на пр. од 3%, 5% и 6% кој не е во согласност со определените проценти од КД за здравствена дејност објавени во Сл.весник број 88 од 2009 година.

➢ Во ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември Скопје при пресметката на плата на главната медицинска сестра се пресметува и исплаќа надоместок за раководење, заатоа што платата е утврдена во вкупен коефициент од 3,40;

➢ Во ЗУ „Поликлиника на универзитетот Св.Кирил и Методиј" – Скопје :

- Во решенијата за плата како и во пресметките коефициентите на сложеност се искажани со две наместо со три децимали.
- Коефициентите на сложеност во решенијата за плата и во пресметките за плата, кај одредени профили не се во согласност со коефициентите определени во КД.
- Во решенијата и во пресметките, сите вработени добиваат додаток за услови на работа во висина од 0,8%. Во КД овој процент се однесува на „повремена изложеност на инфекции "и "други работи потешки од нормалните што ке се уредат со колективен договор на ниво на работодавач ";
- Податоците во пресметките за плата кои се однесуваат за додатокот за минат труд не се искажуваат или се прикажува неточен податок.

При контролите извршени во 2020 година, евидентиран е случај во ЈЗУ, каде се пресметува и исплаќа додаток за дежурство, но на контролата не и е дадена на увид согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство во:

- ЈЗУ УК за ЈЗУ УК за инфективни болести и фебрилни состојба Скопје
- ЈЗУ ЈЗУ УК за токсикологија Скопје
- ЗД Крива Паланка
- ЈЗУ Психијатриска болница Скопје
- ЈЗУ УК за психијатрија Скопје
- ЈЗУ УК за максилофацијална хирургија Скопје и
- ЈЗУ КБ Штип.

Во извештаите од извршените финансиски контроли во текот на 2020 година, евидентирани се следниве реализирани трошоци во сметковотсвената евиденција на ЈЗУ:

- Во ЈЗУ Институт за Физикална медицина и рехабилитација Козле Скопје конто на 404150000 – Други еднократни надоместоци на износ од 1.400.000 денари како награда за вработените од сопствена сметка во износ од 9.000 денари за исклучително залагање во 2018 година и постигнување на позитивни финансиски резултати врз основа на Одлука на У.О. бр. 02/1958/1 од 19.12.2018 година.

- Во 2018 година во ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ Скопје, е евидентирана исплата на еднократна награда на вработените по Одлука бр.02-3855/6 од 24.12.2018 година;

- Во ЈЗУ УК за детски болести Скопје, во 2018 година, на конто 425990012-Јубилејна награда на вработени се евидентирани трошоци во висина од 2.160.000 денари, со Одлука на УО бр. 02-3026/3 од 24.12.2018 година за исплата на награда на вработените во ЈЗУ УК за детски болести се одобрува исплата на финансиски средства во вкупен бруто износ од 2.401.011 денари како награда за вработените во клиниката, како стимул за нивната посветеност, одговорност и успешност во извршување на работни задачи. Според Одлуката наградата ќе изнесува по 6.000 денари во нето износ со персонален данок за секој вработен во клиниката како и вработените со договор за дело. Исто така според Одлуката наведените средства да се исплатат од сметката на сопствени приходи на клиниката.

- Во ЈЗУ УК за урологија Скопје:

- **во 2018 година**, по Одлука на УО број 02- 273/3 од 02.04.2018 година, е евидентирано „на сите вработени на клиниката да им се исплати во нето износ по 2.500 денари, од средствата што се остварени од сопствени приходи, во претходниот период, по основ на средства остварени од дополнителни активности-апартмани, што го зголемува доходот на установата". Евидентирани се трошоци за награда на вработените во вкупен бруто износ од 225.018 денари. Исто така по Одлука на УО број 02- 734/3 од 16.10.2018 година, е евидентирано „на сите вработени на клиниката да им се исплати во нето износ по 3.800 денари, од средствата што се остварени од сопствени приходи, во претходниот период, по основ на средства остварени од дополнителни активности-апартмани, пациенти странски државјани, што го зголемува доходот на установата". Евидентирани се трошоци за награда на вработените во вкупен бруто износ од 337.760 денари;

- **во 2019 година,**по Одлука на УО број 02- 349/4 од 27.03.2019 година, е евидентирано „на сите вработени на клиниката да им се исплати во нето износ по 6.000 денари, од средствата што се остварени од сопствени приходи, во претходниот период, по основ на средства остварени од дополнителни активности-апартмани, пациенти странски државјани, што го зголемува доходот на установата". Евидентирани се трошоци за награда на вработените во вкупен износ од 480.000 денари. Исто така по Одлука на УО број 02- 752/3 од 02.10.2019 година, е евидентирано „на сите вработени на клиниката да им се исплати во нето износ по 8.000 денари, од средствата што се остварени од сопствени приходи, во претходниот период, по основ на средства остварени од дополнителни активности-апартмани, пациенти странски државјани, што го зголемува доходот на установата". Евидентирани се трошоци за награда на вработените во вкупен износ од 664.000 денари;

➢ Во ЈЗУ ЗД Железара Скопје во 2018 година, на конто 404150 – Надомест за вонреден ангажман и придонес во работата се евидентирани трошоци во износ од 733.350 денари по Решение на ВД Директорот по: *Решение бр.0204-1068 од 24.12.2018 година за исплата на награда за ангажман и придонес во работата за периодот од 01.04.2018 година до 30.11.2018 година на вработените на ЈЗУ ЗД „Железничар" – Скопје во висина од по 15.000 денари на кој износ ќе се пресмета и плати персонален данок, а на 8 (осум) лица ангажирани со договор на дело и спогодби износ од по 7.000 денари на кој ќе се пресмета и плати персонален данок, Исплатата се врши од сопствени приходи на ЈЗУ).


За вонреден ангажман и придонес во работата за период од 01.12.2017 година до 31.03.2018 година на вработените од ЈЗУ, реализиран е трошок по Решение бр. 0204-338 од 04.04.2018 година донесено од ВД Директорот на ЈЗУ, на вработените на ЈЗУ ЗД „Железничар" Скопје во висина од по 5.000 денари на кој износ ќе се пресмета и плати персонален данок, а на 2 (две) лица ангажирани со договор за повремени работи износ од по 5.000 денари на кој ќе се пресмета и плати персонален данок, (Исплатата се врши од сопствени приходи на ЈЗУ).

➢ Во ЈЗУ УИ за радиологија Скопје :

- **во 2018 година** евидентиран е трошок на конто 425990900 - Други неспомнати договорни услуги се евидентирани трошоци од по 6.000 денари по Одлука на УО бр.02-787/1 од 26.12.2018 година за награда за успешност за 2018 година на вработените на Институтот, членовите на УО и неговата стручна служба. Исплатен износ од 678.000 денари,
- **во 2019 година** евидентиран е трошок на конто 425990900 - Други неспомнати договорни услуги по Одлука на УО бр.02-697/2 од 23.12.2019 година за награда за успешност за 2019 година на вработените на Институтот, членовите на УО, неговата стручна служба и лицата ангажирани по договор на дело на износ од 6.000 денари. Исплатен износ од 792.000 денари ;
- **во 2019 година** на конто 425310000 - Интелектуални услуги – адвокатски услуги се евидентирани трошоци во исплатените средства на Адвокатот кои се содржани, освен 12 месечни паушали по 35.000 денари и судска такса на износ од 1.200 денари, како и 6.000 денари по Одлука на УО бр.02-787/1 од 26.12.2018 година за награда за успешност за 2018 година на вработените на Институтот, членовите на УО и неговата стручна служба.

2. Наменски контроли

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.



Наменските контроли кои се извршени во периодот 01.01.2020 – 31.12.2020 година се презентирани во следната табела:

Контролирани здравствени установи и цел на наменската контрола	Број на контроли
Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ Центар за Јавно здравје – Скопје во текот на 2018, 2019, 1-2.2020 година	*1*
Предмет на контрола – контрола на финансиското работење во ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РСМ и контрола на начинот на пресметка на плати за м.Јуни 2020 година	*1*
Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во ЈЗУ – Градска општа болница „8-ми Септември" - Скопје за месец - јуни / 2020 година	*1*
Предмет на контрола – контрола на пресметка на плати во ЗУ „Поликлиника на универзитетот Св.Кирил и Методиј" - Скопје за периодот од 11/2020 до 01/2021 година	*1*
Предмет на контрола – контрола на финансиското работење во ЈЗУ Здравствен дом - Прилеп	*1*

VI. Заклучок

Финансиската контрола на Фондот во текот на 2020 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Резултатите од финансиската контрола се:

- Подобар увид на ЈЗУ во слабостите на своето финансиско работење кои треба да се отстранат за да се постигне поголема финансиска ликвидност и солвентност;

- Зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола во делот на раководење со постапките за јавни набавки и реализација на договорите, исплатата на обврските според доспевање и без преферерирање на добавувачи, пресметка и исплата на плата и додатоци од плата согласно Колективниот договор за здравствена дејност, начинот на ангажирање на лица со договор за дело итн.

- Препораките и укажувањата се содржани во извештаите од контролите.

септември, 2021 година

Изработиле:
м-р Бедри Мемети
м-р Софче Ристовска
Цвете Јовановска

Контролирал:
Снежана Ќовкароска – Шилоска

Согласен:
Миле Сугарев

Прилог 1: Табеларен преглед на констатирани неправилности во ЈЗУ од целосните финанасиски контроли

1.1. Приказ на состојбата на долгови на 31.12.2018 и 31.12.2019 година

Р.бр.	ЈЗУ	долгови на 31.12.2017	долгови на 31.12.2018	зголемување/ намалување
1	Институт за физикална медицина и рехабилитација	707.616	1.012.863	зголемување
2	Центар за јавно здравје - Кочани	0	0	исто ниво
3	УК за детски болести - Скопје	128.269.284	136.128.952	зголемување
4	Општа болница - Охрид	116.557.508	108.131.666	намалување
5	УК за дигестивна хирургија - Скопје	61.246.190	81.538.280	зголемување
6	УК за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје	0	0	исто ниво
7	УК за државна кардиохирургија - Скопје	44.457.249	48.709.820	зголемување
8	Институт за јавно здравје на РСМ	104.293.242	65.657.823	намалување
9	Центар за јавно здравје - Штип	0	0	исто ниво
10	Општа болница - Струга	46.761.461	63.447.422	зголемување
11	УК за токсикологија - Скопје	23.608.031	21.522.134	намалување
12	УК за урологија - Скопје	19.069.061	35.982.778	зголемување
13	Здравствен дом - Делчево	0	0	исто ниво
14	СБ за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид	80.931.345	76.455.548	намалување
15	Клиничка болница - Тетово	504.806	352.789	намалување
16	Клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски	176.668.403	161.221.700	намалување
17	Здравствен дом – Крива Паланка	1.222473	290.451	намалување
18	Здравствен дом – Штип	0	0	исто ниво
19	Здравствен дом – Ресен	1.279.401	2.264.045	зголемување
20	УК за нефрологија – Скопје	69.997.063	72.886.692	зголемување
21	Здравствен дом - Неготино	0	0	исто ниво
22	Здравствен дом - Гостивар	13.154.982	8.411.542	намалување
23	Психијатриска болница - Скопје	1.934.080	9.905.706	зголемување
24	УК за радиологија - Скопје	0	0	исто ниво
25	Здравствен дом - Струга	0	0	исто ниво
26	Здравствен дом - Тетово	2.797.111	951.907	намалување
27	УК за максилофацијална хирургија - Скопје	4.584.366	4.309.683	намалување
28	УК за неврологија - Скопје	39.811.339	46.600.722	зголемување
29	Здравствен дом - Скопје	0	0	исто ниво
30	Здравствен дом - Железничар	0	0	исто ниво
31	УК за психијатрија - Скопје	0	0	исто ниво
32	Центар за јавно здравје - Струмица	37.436	456.321	зголемување
33	СБ за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември - Скопје	0	0	исто ниво
34	Здравствен дом - Велес	92.474	128.477	зголемување
35	Здравствен дом - Ростуше	0	0	исто ниво
36	Клиничка болница - Штип	22.414.630	30.084.969	зголемување
37	Општа болница - Струмица	13.552.309	18.638.333	зголемување
38	Здравствен дом - Куманово	6.383.103	6.840.458	зголемување
39	Општа болница - Дебар	9.741.759	13.898.914	зголемување
40	Центар за јавно здравје - Скопје	49.020.137	70.975.396	зголемување

1.2. Утврдени неправилности во благајничкото работење

Р.бр.	ЈЗУ	Број на препораки
1	Општа болница - Охрид	1
2	УК за дигестивна хирургија - Скопје	1
3	Општа болница - Струга	2
4	Центар за јавно здравје - Струмица	1

1.3. ЈЗУ без софтвер за разграничување на долговите и обврските во сметковотствената евиденција, во моментот на контрола

Р.бр.	ЈЗУ
1	Клиничка болница - Штип

1.4. ЈЗУ во кои не постои мрежно поврзување помеѓу одделите и службите заради евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал

Р.бр	ЈЗУ
1	Центар за јавно здравје – Кочани
2	Центар за јавно здравје – Штип
3	Здравствен дом – Делчево
4	Клиничка болница – Тетово
5	Здравствен дом – Железничар
6	УК за максилофацијална хирургија - Скопје

1.5. ЈЗУ кои немаат нема лице кое е вработено кај договорниот орган, а кое има валидна потврда за лице за јавни набавки

Р.бр	ЈЗУ кои немаат лице со лиценца за ЈН
1	Психијатриска болница – Скопје
2	УК за максилофацијална хирургија – Скопје
3	Здравствен дом – Ростуше
4	Здравствен дом – Куманово
5	Општа болница со проширена дејност - Прилеп

1.6. ЈЗУ кај кои се констатирани набавки без спроведена постапка за јавна набавка. чиј вкупен износ го надминува дозволениот вкупен месечен лимит од 1000 евра, во денарска противвредност, без ДДВ

Р.бр	ЈЗУ
1	Институт за физикална медицина – Скопје
2	УК за детски болести – Скопје
3	Општа болница – Охрид
4	УК за државна кардиохургија - Скопје
5	УК за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје
6	Општа болница – Струга
7	УК за токсикологија – Скопје
8	УК за урологија – Скопје
9	СБ за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид
10	Здравствен дом – Крива Паланка
11	Здравствен дом – Ресен
12	Психијатриска болница – Скопје
13	УК за психијатрија – Скопје
14	СБ за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември - Скопје

1.7. ЈЗУ во кои не се спроведуваат соодветни постапки за јавни набавки за стоки и услуги, иако за истите ЈЗУ има континуирана потреба и нивниот вкупен износ во текот на годината го надминува износот од 1000 евра, во денарска противвредност, без ДДВ

Р.бр.	ЈЗУ
1	УК за детски болести – Скопје
2	Општа болница – Охрид
3	Општа болница – Струга
4	УК за токсикологија – Скопје
5	УК за урологија – Скопје
6	СБ за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид
7	УК за психијатрија – Скопје
8	СБ за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември - Скопје
9	УК за максилофацијална хирургија - Скопје
10	Инситут за радиологија - Скопје

1.8. ЈЗУ во кои Одлуката за јавна набавка не е изработена согласно одредбите од Законот за јавни набавки

Р.бр	ЈЗУ
1	Здравствен дом – Крива Паланка
2	Центар за јавно здравје – Струмица
3	УК за психијатрија – Скопје
4	Здравствен дом – Ростуше
5	Општа болница - Дебар